**201000215**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

Врз основа на член 46 став (3) од Законот за квалитет на амбиентен воздух („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/04 и 92/07), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА КОЛИЧИНИТЕ НА ГОРНИТЕ ГРАНИЦИ-ПЛАФОНИТЕ НА ЕМИСИИТЕ НА ЗАГАДУВАЧКИТЕ СУПСТАНЦИИ СО ЦЕЛ УТВРДУВАЊЕ НА ПРОЕКЦИИ ЗА ОДРЕДЕН ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА НАМАЛУВАЊЕТО НА КОЛИЧИНИТЕ НА ЕМИСИИТЕ НА ЗАГАДУВАЧКИТЕ СУПСТАНЦИИ НА ГОДИШНО НИВО

Член 1

(1) Со овој правилник се пропишуваат количините на горните граници-плафоните на емисиите на загадувачките супстанции во Република Македонија со цел утврдување на проекции за одреден временски период кои се однесуваат на намалувањето на количините на емисиите на загадувачките супстанции на годишно ниво.

(2) Одредбите на овој правилник не се применуваат за емисии од авионски сообраќај освен циклусите на слетување и полетување на авионите.

Член 2

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. „**Емисија**" е ослободување на загадувачка супстанција или ширење од изворот во атмосферата;

2. „**Горни граници - плафони за емисија**" е максималното определено количество на загадувачките супстанциии од членот 3 на овој правилник, изразено во килотони, што може да се испушти на ниво на Република Македонија во текот на една календарска година;

3. „**Проекции на емисија**" се предвидувања на квантификувани вредности на емисии на загадувачките супстанции од членот 3 на овој правилник во иден долгорочен период засновани на очекувани сценарија на развој на одделни сектори во Република Македонија согласно Правилникот за методологијата за инвентаризација и утврдување на нивото на емисии на загадувачките супстанции во атмосферата во тони годишно за сите видови дејности, како и други податоци за доставување на Програмата за мониторинг на воздухот на Европа (ЕМЕП).

4. „**Циклус на слетување и полетување на авионите**" е циклус претставен со следниве времиња од секој оперативен режим: приближување 4,0 минути; таксирање/стоење на земја 26,0 минути, полетување 0,7 минути; искачување 2,2 минути;

5. „**Приземен озон**" е озон во најниските делови од тропосферата.

Член 3

Горните граници –плафони на емисија се однесуваат на емисии на територијата на Република Македонија на загадувачките супстанции кои предизвикуваат закиселување, еутрофикација и зголемување на концентрацијата на приземниот озон: сулфур диоксид (SO2), азотни оксиди (NOx), амонијак (NH3), и лесно испарливи органски соединенија (VOC).

Член 4

(1) Количините на горните граници-плафони за емисии на загадувачките супстанции од членот 3 на овој правилник и проекциите за намалување на истите се утврдуваат за временски период од 01.01.2010 до 31.12.2020 година.

(2) За определување на количините од став (1) на овој член како базна година се зема 2010 година.

(3) Количините на горните граници-плафони на емисии на загадувачките супстанции од член 3 на овој правилник и нивните проекции се изразуваат во килотони на година.

(4) Количините на горните граници – плафони на емисија за 2010 година за загадувачките супстанции од член 3 на овој правилник се дадени во Прилогот кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

(1) Проекциите за постепеното намалување на количините на емисии на сулфур диоксид (SO2), азотни оксиди (NOx), амонијак (NH3), и лесно испарливи органски соединенија (VOC) на ниво на Република Македонија за период од 01.12.2010 до 31.12.2020 година се утврдуваат земајќи ја предвид реалната состојба на количините на емисиите, и тоа:

1. состојба без преземени мерки за намалување на емисиите;
2. состојба со преземање мерки за намалување на емисиите и
3. состојба со преземање на дополнителни мерки за намалување на емисиите.

(2) Постепеното намалување на количините на емисии се одредува врз основа на анализа на осетливост, компатибилност и недоследности на проекциите на горните граници-плафони на емисии утврдени за 2010, како и опис на методите, методологијата, моделот, влезни податоци кои се користат при предвидувањето на намалувањето на количините на емисиите на загадувачките супстанции, во споредба со утврдените горни граници-плафони на емисии на загадувачките супстанции од членот 3 на овој правилник.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 07-11403/1
28 декември 2009 година
Скопје

Министер за животна
средина и просторно планирање,
д-р **Нецати Јакупи**, с.р.

# ПРИЛОГ

## Горни граници - плафони за емисии на $SO_2$, $NO_x$, VOC и $NH_3$, што треба да се постигнат до 2010 година

| $SO_2$ килотони | $NO_x$ килотони | VOC килотони | $NH_3$ килотони |
|---|---|---|---|
| 130 | 39 | 20 | 17 |